ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Карпош, сметка на основен буџет (630) за 2021 година.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- отстапувања во реализацијата во однос на планираниот буџет на општината;
- одделението за внатрешна ревизија е кадровски не екипирано;
- за недвижен имот општината нема воспоставено регистар и
- за користење на средствата од надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти не е доставен извештај до надлежното министерство.

**Издадено мислење *:** 🟢 🟡
Изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**
- законските одредби за комуналната такса што се плаќа при регистрација на возила;
- законските одредбите кои уредуваат комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;
- општината нема информации за средствата од приходите во буџетот од закуп на земјоделско земјиште утврдено со Законот за земјоделско земјиште и
- општината нема можност да ја провери и потврди точноста на средствата уплатени по основ на надоместок за концесија за експлоатација на минерални суровини.

**Клучни препораки:**
- реално планирање и измени и дополнувања на буџетот во случаи на отстапувања на реализацијата од планот;
- пополнување на систематизираните работни места во Одделението за внатрешна ревизија;
- воспоставување на Регистар за недвижен имот и навремено да ги доставува податоците до ЦРРСМ и УЈП и
- доставување на годишни извештаи за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до МТВ.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на одговорното лице на Општина Карпош.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани при што една забелешка претставува известување за преземени активности и една забелешка не се прифаќа.

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk